**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 декември 2018 година

## Соопштение за печат

## Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: трет квартал 2018 година

На крајот на третиот квартал на 2018 година **бруто надворешниот долг** на Република Македонија изнесува 8.400 милиони евра и забележа квартално намалување од 26 милиони евра. Од друга страна, **бруто надворешните побарувања**, коишто на крајот на третото тримесечје изнесуваат 5.486 милиони евра, забележаа зголемување на квартална основа за 48 милиони евра. Оттука, **нето надворешниот долг** се намали на квартална основа за 74 милиони евра и на крајот на третиот квартал од 2018 година изнесува 2.913 милиони евра. Притоа, падот на нето-задолжувањето во текот на третиот квартал произлегува од намалениот нето јавен долг (за 121 милион евра), додека нето-долгот на приватниот сектор забележа зголемување (за 47 милиони евра).

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција[1],** на крајот на септември 2018 година, изнесува 6.031 милион евра, или 57,4% од проектираниот БДП за 2018 година. И натаму, најголемиот дел (82%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 73% се врз основа на сопственички капитал. Во споредба со претходниот квартал, нето негативната меѓународна позиција е намалена за 32 милиона евра.

### Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2017 | | 30.06.2018 | | 30.09.2018 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **7,372.5** | **73.6** | **8,425.7** | **80.1** | **8,399.8** | **79.9** | **-25.9** | **-0.3** | **-0.2** | **1,027.3** | **13.9** | **6.3** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | **7,372.5** | **73.6** | **8,132.8** | **77.3** | **8,158.4** | **77.6** | **25.6** | **0.3** | **0.2** | **785.9** | **10.7** | **4.0** |
| Долгорочен долг | 5,607.2 | 56.0 | 6,053.5 | 57.6 | 6,070.8 | 57.7 | 17.3 | 0.3 | 0.2 | 463.5 | 8.3 | 1.7 |
| Краткорочен долг | 1,765.2 | 17.6 | 2,372.2 | 22.6 | 2,329.0 | 22.1 | -43.2 | -1.8 | -0.4 | 563.8 | 31.9 | 4.5 |
| Јавен долг | 3,461.8 | 34.6 | 4,077.9 | 38.8 | 3,986.3 | 37.9 | -91.6 | -2.2 | -0.9 | 524.5 | 15.2 | 3.3 |
| Приватен долг | 3,910.7 | 39.1 | 4,347.8 | 41.3 | 4,413.5 | 42.0 | 65.7 | 1.5 | 0.6 | 502.8 | 12.9 | 2.9 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,517.8** | **45.1** | **5,438.1** | **51.7** | **5,486.3** | **52.2** | **48.2** | **0.9** | **0.5** | **968.5** | **21.4** | **7.1** |
| ***Бруто надворешни побарувања без о*** | **4,517.8** | **45.1** | **5,146.8** | **48.9** | **5,243.5** | **49.9** | **96.7** | **1.9** | **0.9** | **725.7** | **16.1** | **4.8** |
| **Нето надворешен долг** | **2,854.7** | **28.5** | **2,987.6** | **28.4** | **2,913.5** | **27.7** | **-74.1** | **-2.5** | **-0.7** | **58.8** | **2.1** | **-0.8** |
| **МИП, нето** | **-5,822.5** | **-58.1** | **-6,063.2** | **-57.7** | **-6,031.1** | **-57.4** | **32.2** | **-0.5** | **0.3** | **-208.6** | **3.6** | **0.8** |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е претходен (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија“ од 28.9.2018 година). Податокот за 2018 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ, ДЗС.

[1] Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Македонија на определен датум, т.е. побарувањата од и обврските кон нерезиденти врз основа на финансиски инструменти. Притоа, негативната нето меѓународна инвестициска позиција значи дека финансиските обврски ги надминуваат финансиските побарувања од нерезидентите.

## *Бруто надворешен долг*

**Бруто надворешниот долг** на крајот на третиот квартал од 2018 година изнесува 8.400 милиони евра (или 79,9% од проектираниот БДП) и во споредба со претходниот квартал е намален за 26 милиони евра. Кварталното намалување на бруто надворешниот долг произлегува од намалениот јавен долг (92 милиона евра), додека приватниот долг во овој квартал забележа раст (за 66 милиони евра). Намалувањето на јавниот долг е резултат на намалувањето на долгот на централната банка, како резултат на специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка[2] и државата (за 51 и 42 милиона евра, соодветно), при раст на долгот на јавните банки и претпријатија (за 2 милиона евра). Зголемувањето на приватниот надворешен долг главно произлегува од зголемените обврски на приватните банки (за 41 милион евра) и на небанкарскиот приватен сектор (за 36 милиони евра), додека во текот на овој квартал, долгот на капитално поврзаните субјекти забележа пад (за 11 милиони евра).







Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2017 година, бруто надворешниот долг е повисок за 1.027 милиони евра, при истовремено зголемување на јавниот и на приватниот надворешен долг (за 524 и 503 милиони евра, соодветно). Доколку се исклучи ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка, јавниот долг во текот на 2018 година е зголемен за 283 милиони евра, додека вкупниот надворешен долг за 786 милиони евра. Растот на јавниот долг пред сè произлегува од зголемените обврски на секторот „држава" (за 266 милиони евра), додека растот на приватниот долг во најголем дел се објаснува со зголемените обврски на капитално поврзаните субјекти (за 270 милиони евра) и небанкарскиот приватен сектор (за 190 милиони евра).

[2] Се однесува на репо-активностите на НБРМ. При склучувањето на репо-трансакциите се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, настанатите побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи се склучуваат истовремено, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## *Бруто надворешни побарувања*

Бруто надворешните побарувања, на крајот на септември 2018 година, изнесуваат 5.486 милиони евра (или 52,2% од проектираниот БДП) и остварија квартално зголемување од 48 милиони евра, од кои 30 милиони евра се однесуваат на јавните побарувања, додека 19 милиони евра на приватните побарувања.

Во споредба со крајот на 2017 година, надворешните побарувања се повисоки за 969 милиони евра, резултат на зголемените јавни и приватни побарувања (за 629 и 340 милиони евра, соодветно). Притоа, доколку се исклучи ефектот од специфичните активности на централната банка[3], поврзани со управувањето со девизните резерви, јавните побарувања се повисоки за 386 милиони евра, а вкупните надворешни побарувања за 726 милиони евра. Растот на јавните побарувања е сконцентриран кај централната банка заради порастот на официјалните девизни резерви, додека растот на приватните побарувања се објаснува со зголемените побарувања на капитално поврзаните субјекти (за 167 милиони евра), небанкарскиот приватен сектор (за 114 милиони евра) и депозитните институции (за 60 милиони евра).







Извор: НБРМ.

## *Нето надворешен долг*

Во услови на квартално зголемување на бруто надворешните побарувања и намалување на бруто надворешниот долг, нето надворешниот долг на земјата во третиот квартал од 2018

---

[3] Се однесува на репо-активностите на НБРМ. При склучувањето на репо-трансакциите се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми“) коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, настанатите побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи се склучуваат истовремено, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

година е намален за 74 милиони евра. Притоа, нето јавниот долг е намален за 121 милион евра, додека нето приватниот долг е зголемен за 47 милиони евра.

Во однос на крајот на 2017 година, нето надворешниот долг е зголемен за 59 милиони евра, при зголемување на нето приватниот долг (за 163 милиони евра) и намалување на нето јавниот долг (за 104 милиони евра). Притоа, и натаму најголемо учество во вкупниот нето-долг има нето-долгот на приватниот сектор (56,7%).







Извор: НБРМ.

## *Меѓународна инвестициска позиција, нето*

Во третиот квартал од 2018 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е намалена за 32 милиона евра и изнесува 6.031 милион евра (или 57,4% од проектираниот БДП за 2018 година).

Кварталното намалување на негативната МИП, нето, произлегува од поголемото зголемување на средствата (за 54 милиони евра), наспроти зголемувањето на обврските (за 22 милиона евра). Гледано по инструменти, намалувањето на негативната нето МИП се објаснува со намалените нето-обврски врз основа на должнички инструменти (за 74 милиони евра), додека нето-обврските врз основа на сопственички инструменти бележат раст (за 42 милиона евра). Кварталното зголемување на нето-обврските од сопственички инструменти во најголем дел произлегува од растот на нето-обврските кај директните инвестиции (за 49 милиони евра), делумно нетиран со растот на нето-средствата од портфолио-инвестиции (за 18 милиони евра).

Во споредба со крајот на 2017 година, негативната нето МИП е зголемена за 209 милиони евра, во поголем дел како резултат на растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 150 милиони евра), надополнето со растот на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 59 милиони евра). Растот на нето-обврските кај

сопственичките инструменти во периодот јануари - септември 2018 година главно произлегува од нето-обврските врз основа на директни инвестиции.

## Меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

(во милиони евра)

| МИП, по инструменти | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Средства** | **3,258.4** | **4,113.2** | **4,257.5** | **4,082.5** | **4,634.0** | **4,571.9** | **5,171.3** | **5,157.3** | **5,845.7** | **6,118.2** | **6,171.9** |
| Директни инвестиции | 333.6 | 393.6 | 533.6 | 617.8 | 475.6 | 655.0 | 811.9 | 967.6 | 1,031.4 | 1,097.5 | 1,142.7 |
| Портфолио инвестиции | 25.9 | 45.5 | 63.1 | 107.7 | 155.0 | 212.6 | 255.2 | 300.2 | 310.4 | 337.2 | 345.1 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.9 | 0.9 | 1.0 | 1.2 | 2.75 | 2.70 | 2.08 | 1.79 |
| Валути и депозити | 555.1 | 588.2 | 537.0 | 540.0 | 623.6 | 615.4 | 627.3 | 635.5 | 668.8 | 675.9 | 683.7 |
| Заеми | 86.3 | 320.1 | 246.4 | 91.3 | 98.2 | 67.1 | 52.1 | 56.1 | 348.6 | 349.9 | 312.7 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 543.0 | 696.9 | 684.1 | 730.3 | 842.7 | 757.4 | 809.6 | 858.8 | 906.6 | 1,013.4 | 976.5 |
| Останати сметки за наплата | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 0.5 | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 0.4 |
| Девизни резерви | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 2,436.5 | 2,261.8 | 2,613.4 | 2,336.3 | 2,577.1 | 2,642.2 | 2,709.1 |
| **Обврски** | **6,887.9** | **8,079.0** | **8,435.1** | **8,640.8** | **9,183.0** | **9,654.6** | **10,747.3** | **10,979.8** | **11,955.5** | **12,181.5** | **12,203.0** |
| Директни инвестиции | 3,514.8 | 3,914.4 | 4,146.8 | 4,485.7 | 4,378.3 | 4,951.3 | 5,392.2 | 5,598.1 | 5,894.4 | 6,049.0 | 6,090.0 |
| Портфолио инвестиции | 398.6 | 324.7 | 408.3 | 253.2 | 776.6 | 848.8 | 1,362.2 | 1,476.3 | 1,877.8 | 1,856.3 | 1,816.4 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 4.1 | 4.4 | 4.3 | 6.0 | 2.3 | 2.3 | 2.3 | 2.3 |
| Валути и депозити | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 174.2 | 195.2 | 191.8 | 192.7 | 191.8 |
| Заеми | 2,028.5 | 2,785.9 | 2,771.8 | 2,883.1 | 3,024.4 | 2,961.7 | 3,014.7 | 2,872.0 | 3,105.1 | 3,196.4 | 3,196.9 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 673.8 | 841.7 | 832.8 | 773.2 | 763.4 | 656.7 | 714.6 | 757.7 | 806.6 | 805.6 | 826.3 |
| Останати сметки за плаќање | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 78.2 | 77.5 | 79.2 | 79.2 |

Извор: НБРМ.







Извор: НБРМ.

## *Ревизии на податоци*

Податоците за бруто надворешниот долг и побарувањата во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари - јуни 2018 година. Промените кај **бруто надворешниот долг** речиси во целост произлегуваат од подобриот опфат на податоците кај заемите и трговските кредити и аванси. Од аспект на насоката на промените, во двата квартала на 2018 година, ревизијата на податоците доведе до намалување на бруто надворешниот долг (за 10 и 7 милиони евра, соодветно).

Ревизијата на **бруто надворешните побарувања** за наведениот период доведе до нивно минимално зголемување, за 0,3 милиони евра, поодделно, за секој квартал што произлегува од зголемените побарувања врз основа на заеми и трговските кредити и аванси. Овие промени соодветно се одразија и кај **нето надворешниот долг**, но и кај **меѓународната инвестициска позиција**, нето, како намалување на нето надворешниот долг и пониска негативна нето меѓународна инвестициска позиција.

## *Придружни информации*

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-nd.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-mip.nspx

Квартални информации за бруто надворешниот долг, бруто надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-informacii-mip.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-nd.nspx

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-mip.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 29 март 2019 година (референтен пресек заклучно со декември 2018 година).

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).